Врз основа на Одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Битола, а во врска со Програмата за дочек на Новата 2024 година, Општина Битола објавува:

# ОГЛАС бр. 01/2023
# ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА – КУЌАРКИ ЗА ПРОДАЖБА НА ХРАНА, ПИЈАЛАЦИ И ДРУГИ ПРОИЗВОДИ КАЈ ОФИЦЕРСКИ ДОМ И ПРЕД “МАЛ БИТОЛСКИ МОНМАРТР” ВО СТАРАТА БИТОЛСКА ЧАРШИЈА И ПРОСТОР ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ОПРЕМА ЗА ЗАБАВА НА ДЕЦА ДО ПЛАТОТО НА ОФИЦЕРСКИ ДОМ

Општина Битола издава урбана опрема - типизирани куќарки за комерцијално користење со намена продажба на храна, пијалаци и други производи кај Офицерски дом во Битола и пред “Мал битолски Монмартр” во старата битолска чаршија, како и простор-локација за поставување на опрема за забава на деца до платото на Офицерски дом во Битола, за периодот од 23 до 31 декември 2023 година.

**I. Урбана опрема за продажба на храна, пијалаци и други производи:**

➢ вкупно **9 (девет)** типизирани куќарки за продажба на храна, пијалаци и други производи со површина од **6 м2** поставени на **патеката кај Офицерскиот дом**.
➢ вкупно **4 (четири)** типизирани куќарки за продажба на храна, пијалаци и други производи со површина од **4 м2** поставени пред **“Мал битолски Монмартр” во Старата битолска чаршија**.

**II. Простор-локација за поставување на опрема за забава на деца до платото на Офицерскиот дом.**

➢ вкупно 100 м2 за поставување на опрема за забава на деца

**Урбаната опрема и локацијата ќе се издаваат за времетраење од 23 до 31 декември 2023 година.**

**III. Почетна цена за издавање на урбана опрема е:**

- затворена урбана опрема – типизирана куќарка со површина од **6 м²** за продажба на храна, пијалаци и други производи со почетна цена од **6.000,00 (шест илјади) денари.**
- затворена урбана опрема – типизирана куќарка со површина од **4 м²** за продажба на храна, пијалаци и други производи со почетна цена од **4.000,00 (четири илјади) денари.**
- простор-локација за поставување на опрема за забава на деца и детски игралишта со површина до **100 м2**, со почетна цена од **10.000,00 (десет илјади) денари**.

Почетните цени за издавање на урбана опрема и локациите се однесуваат за периодот од 23 до 31 декември 2023 година.

**Во почетната цена за издавање на урбана опрема и локациите се содржани трошоците за комунална такса, одржување на хигиена, приклучок и трошок за електрична енергија.**

**IV. Обврски на закупецот:**

- Целиот износ од договорениот надомест за закуп да го плати во рок од 8 (осум) дена од денот на склучувањето на договорот;

- Да ја одржува урбаната опрема која ја закупил и по завршувањето на договорот за закуп истата да ја предаде на закуподавачот во состојба каква што ја презел од него;

- Да овозможи непречен увид на урбаната опрема од страна на закуподавачот во секое време, со или без претходна најава за истото;

- Да ги почитува сите обврски кои ги презел со договорот за закуп.

Договорите со најповолните понудувачи ќе се склучат за периодот од 23 до 31 декември 2023 година.

**V. Доставување на понуди**

5.1. Право на учество на јавниот повик за изнајмување на урбана опрема има секое:

1. Правно лице кое има регистрирано деловно седиште во општина Битола и кое не е во постапка за стечај или ликвидација. (Потврди од Централен регистар на РСМ не постари од 6 месеци)

2. Физичко лице кое е жител на општина Битола

5.2. Секое правно и физичко лице има право да аплицира на јавниот оглас само за една куќарка по локација (може да аплицира и за една куќарка кај Офицерски дом и за една куќарка во Старата битолска чаршија, а може и за куќарка и за простор-локацијата за поставување на опрема за забава на деца до платото на Офицерскиот дом).

5.3. На избраниот најповолен понудувач му се забранува изнајмување или пренесување на правото на користење на урбаната опрема односно просторот-локацијата на трети лица.

5.4. Понудувачот треба да достави:

- Понуда на унифициран образец кој може да се подигне на шалтери во Општина Битола или на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk

***За правни лица***

• Потврда за регистрирана дејност издадена од Централен регистар на РСМ или соодветен документ-доказ дека припаѓа на соодветно здружение;

• Потврда дека не е во постапка за стечај издадена од Централен регистар на РСМ;

• Потврда дека не е во постапка за ликвидација издадена од Централен регистар на РСМ;

• Фотокопија од лична карта на управителот;

***За физички лица***

• Фотокопија од лична карта

**VI. Начин на доставување на понуда**

Понудата треба да се достави во затворен плик со назнака:

**„НЕ ОТВОРАЈ“**
**ОПШТИНА БИТОЛА**
Комисија за спроведување на оглас за прибирање понуди за издавање на урбана опрема и простор за поставување на урбана опрема бр. 01/2023
ул. „Булевар Први Мај“ бр.61 Битола

**Понудите да се достават најдоцна до 13.12.2023 година во 12:00 часот.**
**Понудите се доставуваат лично во Архивата на Општина Битола**

НАПОМЕНА:

Комисијата не сноси одговорност за ненавремена и неуредна достава на понудите.

Пример за адресирање на плик за достава на понуда:

| | |
|---|---|
| **"НЕ ОТВОРАЈ“**<br><br>„Да не се отвора пред 13.12.2023<br>Оглас бр.01/2023” | **Општина Битола**<br><br>Комисија за спроведување на оглас за прибирање на понуди за издавање на урбана опрема и простор за поставување на урбана опрема бр. 01/2023<br><br>Ул. „Булевар Први Мај“ бр. 61 Битола |

Општина Битола нема никаква одговорност за ненавремена достава на понудата, нејзино предвремено отворање или губење на истата.

**VII. Јавно отворање на понудите**

Јавното отворање на понудите ќе се изврши по истекот на крајниот рок за доставување на понудите, на 13.12.2023 година во 12:00 часот.

**VIII. Јавно наддавање**

➢ Јавното наддавање ќе се одржи по евалуација на доставените понуди и во истото ќе можат учествуваат понудувачите кои ги исполниле условите предвидени во овој оглас.

➢ **Јавното наддавање ќе започне на ден 15.12.2023 година со почеток:**

**- за куќарките поставени на патеката кај Офицерски дом од 12:00 часот;**

**- за куќарките поставени пред "Мал битолски Монмартр" во Старата битолска чаршија од 12:30 часот; и**

**- за простор-локацијата за поставување на опрема за забава на деца до платото на Офицерскиот дом од 13:00 часот.**

➢ **Јавното наддавање ќе се одвива во една од просториите на главната општинската зграда.**

➢ Јавното наддавање ќе се спроведе со прибирање на нови повисоки понуди од првичните, во затворени пликови, во три последователни круга.

➢ За избрани ќе се сметаат деветмината прворангирани понудувачи за куќарките поставени на патеката кај Офицерски дом, четворицата прворангирани понудувачи за куќарките поставени пред "Мал битолски Монмартр" во Старата битолска чаршија и прворангираниот понудувач за просторот за урбана опрема за забава на деца до платото на Офицерски дом, кои понудиле највисоки цени по последниот круг од јавното наддавање.

**Предмет на јавното наддавање ќе биде вкупната конечна цена, за периодот од 23 до 31 декември 2023 година.**

**IX. Склучување на договори**

Договори ќе се склучат со прворангираните понудувачите кои понудиле највисоки цени на јавното наддавање, согласно точката 8.

Договорите ќе се склучат наредниот работен ден од денот на приемот на Известувањето за избор на најповолен понудувач, кое ќе биде испратено на адресата за електронска пошта наведена во понудата.

Доколку понудувачот кој понудил највисока цена на јавното наддавање, не склучи договор во наведениот рок, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач.

Секој понудувач може да достави приговор во врска со јавното наддавање, во рок од еден работен ден од завршувањето на јавното наддавање, до градоначалникот на Општина кој за приговорите ќе одлучува во рок од еден работен ден по завршувањето на рокот за поднесување на приговорите.

**Комисија за спроведување на постапката**
**за издавање на урбана опрема и простор**
**за поставување на урбана опрема бр.01/2023**